44760

Вечер 5, 6 и 7 СЕПТЕМВРИ 1998 ГОДИНА ,10886, 28,



ЗАВРШИ МАНДАТОТ НА ВТОРИОТ ЧОВЕК ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА ВРСКИ НА РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА ВО СКОПЈЕ

# ДИПЛОМАТСКИ КОКТЕЛ СО ГРЧКИ ШМЕК

**ПРВИОТ СОВЕТНИК** и заменик-шеф на Канцеларијата за врски на Република Гоција во Скопје, Теодор Пасас, чиј мандат завршува деновиве, завчеравечер во Музејот на современа уметност приреди прием за збогување и тоа на мошне невообичаен начин. Пред голем број гости, главно претставници на дипломатскиот кор во Македонија, беа презентирани делата на познатиот грчки фотограф Димитрис Талијанис, со придружни светлосни и звучни ефекти под наслов „Поезија на пејзажот“, што беше оценето како уште еден чекор кон унапредувањето на македонско-грчките односи, барем на културен план.